РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranua: | 26-02-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | - 887/1 | | |


( Образец ПП……)

**До: Државна комисија за спречување корупција**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________
______________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

**Ве молам да ми доставите копија од сите анкетни листови и нивни измени, кои ги доставил до ДКСК поранешниот Директор на Тутунски Комбинат Прилеп – Кире Станкоски, вклучувајќи го и оној кој се поднесува по завршетокот на функцијата.**

**Период 2017г до 2023 год.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс [redacted]
- **г) е-маил –** [redacted]
- д) друго ________________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Skopje, 26.02.2024 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-887/2
05-03-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-887/1 од 26.02.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-887/1 од 26.02.2024 година, доставено од [redacted], **СЕ УВАЖУВА.**

Бараните документи/информации да се достават до барателот на информацијата на начин наведено во барањето по одвојување на податоците заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: ***„Ве молам да ми доставите копија од сите анкетни листови и нивни измени, кои ги доставил до ДКСК поранешниот директор на Тутунски Комбинат Прилеп – Кире Станкоски, вклучувајќи го и оној ко се поднесува по завршетокот на функцијата, Период 2017г до 2023 год"***

Доставеното барање е примено во ДКСК, заведено под архивски бр. 03-887/1 од 26.02.2024, по истото ќе се постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

По разгледување на барањето ДКСК констатираше дека од страна на лицето Кире Станкоски, изјавата за имотна состојба и интереси (анкетен лист) лист при избор на функцијата Генерален извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп, е доставен на 20.09.2017 година заведен под архивски бр. 08-8207/1 и изјава за имотна

состојба и интереси (анкетен лист) при избор на функцијата Генерален извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп, е доставен на 19.11.2021 година заведен под архивски бр. 08-5331/1, со оглед на тоа дека располага со бараните информации/документи одлучи бараните информации до барателот да ги достави преку електронски запис (е-маил) по одвојување на податоците заштитени со закон, за престанок на функцијата Генерален извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп, ДКСК не располага со информација односно нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот